Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-4694/1
20.11 2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

**Republic of North Macedonia**
**Ss. Cyril and Methodius in Skopje**
**Faculty of Medicine**

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-4595/65 од 17.11.2020 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник 411 од 05.11.2018 година), Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
***за избор на демонстратори***

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2020/2021 година, и тоа за:

***I. Катедра за хистологија со ембриологија*** – 1 демонстратор за:

- предметите: *морфологија и физиологија на клетка (делот за морфологија на клетка)* и *хистологија и ембриологија 1 и хистологија и ембриологија 2,* за студиската програма по општа медицина.
- предметите: *анатомија со хистологија (делот за хистологија), морфологија и физиологија на клетка (делот за морфологија на клетка) и хистологја,* за студиските програми од тригодишните стручни студии за академската 2020/2021 година.

***II. Катедра за социјална медицина*** – 1 демонстратор за:

- предметите: *вовед во медицината, промоција на здравје и социјална медицина со здравствена економија,* за студиската програма по општа медицина
- предметите: *промоција на здравје, јавно здравство, здравствено и социјално законодавство и здравствен менаџмент* за студиските програми од тригодишните стручни студии за академската 2020/2021 година.

***III. Катедра за имунологија*** – 1 демонстратор за:

- предметот: *основи на имунологија,* за студиската програма по општа медицина и за тригодишните стручни студии за медицинска лабораториска дијагностика за академската 2020/2021 година.

***IV. Катедра за хумана генетика*** – 1 демонстратор за:

- предметот: *вовед во хумана генетика,* за студиската програма по општа медицина, за тригодишните стручни студии за медицинска сестра/техничар, логопеди и инженери по медицинска лабораториска дијагностика, за академската 2020/2021 година.

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или
- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии.

**3. Потребни документи на кандидатите:**
- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија);
- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан
Проф.д-р Соња Топузовска